Врз основа на член 65 став 21 од Законот за занаетчиство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 215/15), министерот за економија донесе

# П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЈАВНО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЈАВНО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на решението за доделување на јавно овластување на занаетчиска комора, како и формата и содржината на решението за одбивање на барањето за доделување на јавно овластување на занаетчиска комора.

Член 2

Решението за доделување на јавно овластување на занаетчиска комора, се издава во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на решението од став 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Решението за одбивање на барањето за доделување на јавно овластување на занаетчиска комора се издава во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на решението од став 1 на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. ______________
____________ 2022 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши,** с.р.

ПРИЛОГ 1

Врз основа на член 65 став 16 од Законот за занаетчиство, решавајќи по Барањето бр. _________ од ___________ година поднесено од Општинската / Регионалната занаетчиска комора од ________________, министерот за економија донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за доделување на јавно овластување на занаетчиска комора

На Општинската / Регионалната занаетчиска комора од ________________ ѝ се доделува јавно овластување за извршување на следните задачи:

- вршење на уписи, промена и бришење во Занаетчискиот регистар во електронска и хартиена форма, според постапка определена со Законот за занаетчиство и донесување на одлуки по поднесени барања за упис, промена и бришење и
- издавање и одземање на занаетчиска дозвола според постапка определена со Законот за занаетчиство.

Јавното овластување трае се додека Општинската / Регионалната занаетчиска комора од ________________ ги исполнува условите дадени во член 69 став 1 од Законот за занаетчиство.

Решението стапува во сила од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Министерството за економија Општинската / Регионалната занаетчиска комора од ________________, поднесе Барање бр. _________ од ___________ година за добивање на Решение за доделување на јавно овластување на занаетчиска комора.

Кон Барањето Општинската / Регионалната занаетчиска комора од ________________ ги има приложено сите потребни докази дека се исполнети условите согласно член 69 став 1 од Законот за занаетчиство.
Министерството за еконономија разгледувајќи го Барањето бр.____________ од _____________ година утврди дека се исполнети условите за доделување на јавно овластување определени со член 69 став 1 од Законот за занаетчиство и се донесе решение како во диспозитивот.

Бр. ________________

М.П

_____________ 2022 година

Скопје

Министер за економија,

**Крешник Бектеши,** с.р.

ДОСТАВЕНО ДО:
- подносителот на барањето

ПРИЛОГ 2

Врз основа на член 65 став 17 од Законот за занаетчиство, министерот за економија донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на барањето за доделување на јавно овластување на занаетчиска комора

СЕ ОДБИВА барањето на Општинската / Регионалната занаетчиска комора од _________________ за доделување на јавното овластување за извршување на задачите утвредени во член 68 од Законот за занаетчиство, бр._____ од ____________ година поради ____________________________________________________________________________________________________ ___________________________________________________________________________________________.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден ____________________ Општинската / Регионалната занаетчиска комора од _________________ поднесе барање до Министерството за економија за доделување на јавно овластување за извршување на задачите утврдени во член 68 од Законот за занаетчиство.

Комисијата за доделување, одземање и контрола за вршење на јавните овластувања формирана со Решение бр. __________________ од __________________ од министерот за економија го разгледа барањето и утврди дека не се исполнети условите за доделување на јавното овластување поради _________________________________________________________________ __________________________________________________________________________________________ __________________________________________________________________________________________

и достави предлог да се одбие барањето .

Согласно горе наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението.

Бр. ________________

____________ 2022 година

Скопје

М.П

Министер за економија,

**Крешник Бектеши,** с.р.

ДОСТАВЕНО ДО:
- подносителот на барањето
- Централен регистар